Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт, на ден ___________ година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

1. За Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура-крстосница со кружен тек помеѓу регионалниот пат Р1204 и врска со магистралниот пат А2 Куманово, КО Куманово, општина Куманово, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт, www.mtc.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура-крстосница со кружен тек помеѓу регионалниот пат Р1204 и врска со магистралниот пат А2 Куманово, КО Куманово, општина Куманово, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура – крстосница со кружен тек помеѓу регионалниот пат Р1204 и врска со магистралниот пат А2 Куманово, КО Куманово, Општина Куманово, во рамки на земјиште кое е во државна сопственост и зафаќа површина од приближно 3.29ха. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна и функционална фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 67-723/1
Датум: 24.01.2025
Место: Скопје

Министер
Александар Николоски